РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година и 02-2451/1 од 20.07.2026 година, го издаде следното

## М И С Л Е Њ Е

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од истиот закон и тоа:
„(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.“

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и **вработените во јавниот сектор**.
Со член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено дека:
„Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено“.

Член 121 од Законот за работните односи:
„(1) Работникот, кој работи полно работно време, може по исклучок да склучи договор за вработување со неполно работно време со друг работодавач, меѓутоа најмногу за десет часа неделно, **со претходна согласност на работодавачите, каде што е вработен со полно работно време.**
(2) Обврзен составен дел на договорот за вработување според ставот (1) на овој член е договорот за начинот на остварувањето на правата и обврските од овој работен

однос со оглед на правата и обврските на работникот кај работодавачот, каде што е вработен со полно работно време.
(3) На работникот, кој склучува договор за вработување според ставот (1) на овој член, престанува да му важи договорот за вработување во согласност со овој закон, по изминувањето на договореното време, или ако е повлечена согласноста на работодавачот, каде што работникот е во работен однос со полно работно време.“

Имајќи ги предвид горенаведените одредби, Државната комисија е на мислење дека службено лице (категорија во која спаѓа и вработеното лице за кое се бара мислење) **може да остварува** дополнителен приход согласно член 44 став (6) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, **освен ако со закон не е поинаку определено.**

Во врска со член 121 од Законот за работните односи, надлежен за спроведување на овие одредби во конкретниот случај е општината како работодавач на лицето кое се планира да биде ангажирано, односно општината е должна да направи проценка дали извршувањето на работни задачи кај друг работодавач со неполно работно време може на некој начин да влијае врз непристрасното вршење на неговите службени должности како вработено лице во истата.

Во натамошното извршување на службените должности од страна на лицето вработено во општината, Државната комисија укажува дека е потребно да се имаат предвид и следните одредби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:Член 4 - Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Заменик претседател,**

**Софија Спасова Медарска**